РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-1784/4
17.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 07.02.2019 година донесе

## **ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице поради промена на фактичката состојба, односно истото лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-1784/1 од 16.03.2019 година.

Предметот со број 09-1784/1 од 16.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-1784/1 од 16.03.2019 година е оформен по поднесено Барање за мислење од самото службено лице, дали се наоѓа во состојба на судир на интереси со извршување на две функции и тоа: директор на Средно општинско училиште и член на Надзорен одбор на ЈУ Центар за социјална работа, по што Државната комисија констатира дека службеното лице спротивно на член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси извршува две функции.

За надминување на констатираната повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од службеното лице побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на директорот на ЈУ Центар за социјална работа, Државната комисија на ден 26.07.2019 година е известена дека од нивна страна е испратен допис до Министерството за труд и социјална политика за разрешување на службеното лице од функцијата член на Надзорен одбор на ЈУ Центар за социјална работа со приложување на дописот кој е испратен до надлежното министерство.

Државната комисија исто така изврши проверка во Службен весник на РСМ и утврди дека службеното лице не ја извршува повеќе функцијата член на Надзорен одбор на ЈУ Центар за социјална работа, донесено е Решение за разрешување со бр.24-6305/2 од 20.08.2019 година од страна на Владата на РСМ.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 07.02. 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно службеното лице постапило по барањето на Државната комисија и во законски предвидениот рок ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk